*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1бр. 18/24-133*
*5.11.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 Штип со Одлука бр. 08-687/1 од 26.01.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр. 15), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета

## по изготвен

Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и Вод ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:
- од север опфатот е дефиниран по осовина на реката Отиња;
- од исток опфатот е дефиниран по осовина на улица „Браќа Миладинови";
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на улица „Страшо Пинџур";
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на улица „Љубен Иванов".

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 25.561,78 $m_2$.



*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Scanned with CamScanner

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и Вод ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/ ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 6 ноември 2024 год (среда) и истиот ќе трае до 20 ноември 2024год (среда).

Јавната анкета и јавната презентација за Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/ ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е-урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 21 ноември 2024 (четврток) до 20 декември 2024 год (петок), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 10 декември (вторник) 2024 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, д.и.а*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*



Scanned with
CamScanner